OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# ЈАВЕН ПОВИК
## за XLI седница на Собранието на акционери
## на Охридска банка АД Скопје

Во согласност со одлуката на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје, НО бр. 0203-97353/3 од 20.12.2018 г., XLI седница на Собранието на акционери на Охридска банка АД Скопје ќе се одржи на ден 31.1.2019 година (четврток), со почеток во 12 часот, во просториите на „Охридска Банка АД Скопје“, ул. Орце Николов бр. 54, 1000 Скопје.

За работата на XLI седница на Собранието на акционерите на Охридска банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје го предлага следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

I. Процедурален дел

1. Отворање на Собранието.
2. Избор на работни тела:
   – избор на претседавач,
   – избор на записничар (нотар) и избор на комисија за броење гласови.

II. Работен дел

1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел.
2. Усвојување на Записникот од XL седница на Собранието на акционери на Банката.
3. Предлог-одлука за измени и дополнувања на Статутот на Охридска банка АД Скопје со
– пречистен текст на Статутот на Охридска банка АД Скопје.
4. Предлог-одлука за именување на независен член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје.

Се повикуваат акционерите на Охридска банка АД Скопје да присуствуваат и да учествуваат во работата на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание или со претходно доставување писмена пријава за учество на адресата на Банката:
Охридска банка АД Скопје
„Орце Николов“ бр. 54
1000 Скопје
со назнака „За Собранието на акционери“

Обрасците за пријава на учество на седницата може да се најдат на интернет-страницата на Банката www.ohridskabanka.mk.

Собранието ќе одлучува само за прашањата што се уредно ставени на дневниот ред, во согласност со Статутот на Банката и Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин што е во согласност со Статутот на Банката и со одредбите од Законот за трговските друштва.

Секој акционер, со писмено полномошно може да овласти друго физичко или правно лице како свој полномошник кој ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име, за што е должен веднаш да ја извести Банката, а во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното. Деталните информации за начинот на овластување полномошник, обрасците за гласање преку полномошник и начинот на известување за овластување полномошник може да се најдат на интернет-страницата на Банката www.ohridskabanka.mk.

Акционерите, кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број на акциите со право на глас, можат во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на јавниот повик за свикување на Собранието, односно најдоцна до 5.1.2019 година до 16.00 часот, да предложат дополнување на дневниот ред на Собранието со барање за вклучување нови точки на дневниот ред и да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките што се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на свиканото Собрание.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата или, претходно, со доставување прашање во писмена форма на горенаведената адреса на Банката.

Детални информации за начинот на предлагање точки на дневниот ред, поставувањето прашања и предлагањето одлуки може да се најдат на интернет-страницата на Банката www.ohridskabanka.mk.

Акционерите можат да се запознаат со материјалите од дневниот ред по којшто ќе работи Собранието и со дополнителните информации, во согласност со Законот за трговските друштва, во просториите на Охридска банка АД Скопје секој работен ден од 8.00 до 15.00 часот и на интернет-страницата на Банката www.ohridskabanka.mk.

НО. бр. 0203-97353/3-1
Скопје, 20.12.2018 година

НАДЗОРЕН ОДБОР

Жан-Филип Гијом
Претседател